Член 2

Дејноста на Заводот за здравствена заштита (во натамошниот текст: Завод) е превентивна здравствена заштита која опфаќа вршење на работите на санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствено-статистичка, социјално-медицинска и лабораториска дејност за подрачјето на општините: Прилеп, Крушево и Македонски Брод.

Член 3

Вршител на должноста директор на Заводот е д-р Благоја Алексовски, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на Заводот и ќе ја организира работата до донесувањето на статутот.

Член 4

Уписот на Заводот во судскиот регистар ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Донесувањето на статутот, изборот на органот на управувањето и именувањето на директорот за Заводот ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на уписот на Заводот во судскиот регистар.

Член 6

Заводот ги презема сите средства, правата и обврските и работниците кои припаѓаат на Заводот за здравствена заштита на Медицинскиот центар – Прилеп и на санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби од Здравствениот дом – Крушево и Здравствениот дом – Македонски Брод, со денот на уписот во судскиот регистар.

Член 7

Средствата за работа на Заводот ќе се обезбедуваат согласно со член 63 од Законот за здравствената заштита, од Фондот за здравствено осигурување, како и од други корисници на здравствени услуги.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2644/1
6 јули 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**990.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за задравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јули 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – ОХРИД

Член 1

Работната единица за хигиено епидемилошка здравствена заштита која работи во состав на Медицинскиот центар-Охрид и санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби од Медицинскиот центар-Струга и од Медицинскиот центар-Дебар, се основаат како јавна здравствена организација – Завод за здравствена заштита со седиште во Охрид.

Член 2

Дејноста на Заводот за здравствена заштита (во натамошниот текст: Завод) е превентивна здравствена заштита која опфаќа вршење на работите на санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствено-статистичка, социјално-медицинска и лабораториска дејност за подрачјата на општините: Охрид, Струга и Дебар.

Член 3

Вршител на должноста директор на Заводот е д-р Петар Србиновски, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на Заводот и ќе ја организира работата до донесувањето на статутот.

Член 4

Уписот на Заводот во судскиот регистар ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Донесувањето на статутот, изборот на органот на управувањето и именувањето на директорот на Заводот ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на уписот на Заводот во судскиот регистар.

Член 6

Заводот ги презема сите средства, правата и обврските и работниците кои припаѓале на Работната единица за хигиено-епидемиолошката здравствена заштита на Медицинскиот центар – Охрид и на санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби на Медицинскиот центар-Струга и Медицинскиот центар – Дебар, со денот на уписот во судскиот регистар.

Член 7

Средствата за работа на Заводот ќе се обезбедуваат согласно со член 63 од Законот за здравствената заштита, од Фондот за здравствено осигурување, како и од други корисници на здравствени услуги.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2641/1
6 јули 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**991.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јули 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – КОЧАНИ

Член 1

Работната единица за хигиено-епидемиолошка здравствена заштита која работи во состав на Медицинскиот центар-Кочани и санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби на Здравствениот дом – Делчево, на Здравствениот дом – Виница, на Здравствениот дом – Пехчево и на Здравствениот дом – Берово, се основаат како јавна здравствена организација – Завод за здравствена заштита со седиште во Кочани.

Член 2

Дејноста на Заводот за здравствена заштита (во натамошниот текст: Завод) е превентивна здравствена заштита која опфаќа вршење на работите на санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствено-стати-

стичка, социјално-медицинска и лабораториска дејност за подрачјата на општините Кочани, Делчево, Виница, Пехчево и Берово.

Член 3

Вршител на должноста директор на Заводот е д-р Љубинка Салтирова, која ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на Заводот и ќе ја организира работата до донесувањето на статутот.

Член 4

Уписот на Заводот во судскиот регистар ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Донесувањето на статутот, изборот на органот на управување и именувањето на директорот на Заводот ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на уписот на Заводот во судскиот регистар.

Член 6

Заводот ги презема сите средства, правата и обврските и работниците кои им припаѓале на РЕ за хигиено-епидемиолошката заштита од Медицинскиот центар – Кочани, на санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби од Здравствениот дом – Делчево, Здравствениот дом – Виница, Здравствениот дом – Пехчево и Здравствениот дом – Берово со денот на уписот во судскиот регистар.

Член 7

Средствата за работа на Заводот ќе се обезбедуваат согласно со член 63 од Законот за здравствената заштита, од Фондот за здравствено осигурување, како и од други корисници на здравствени услуги.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2645/1
6 јули 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**992.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јули 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – СТРУМИЦА

Член 1

Заводот за здравствена заштита кој работи во состав на Медицинскиот центар – Струмица и санитарно-хигиенската и епидемиолошката служба на Здравствениот дом – Валандово се основаат како јавна здравствена организација – Завод за здравствена заштита со седиште во Струмица.

Член 2

Дејноста на Заводот за здравствена заштита (во натамошниот текст: Завод) е превентивна здравствена заштита која опфаќа вршење на работите на санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствено-статистичка, социјално-медицинска и лабораториска дејност за подрачјата на општините Струмица и Валандово.

Член 3

Вршител на должноста директор на Заводот е д-р Васил Тунев, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на Заводот и ќе ја организира работата до донесувањето на статутот.

Член 4

Уписот на Заводот во судскиот регистар ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Донесувањето на статутот, изборот на органот на управување и именувањето на директор на Заводот ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на уписот на Заводот во судскиот регистар.

Член 6

Заводот ги презема сите средства, правата и обврските и работниците кои му припаѓале на Заводот за здравствена заштита на Медицинскиот центар – Струмица и на санитарно-хигиенската и епидемиолошката служба од Здравствениот дом – Валандово, со денот на уписот во судскиот регистар.

Член 7

Средствата за работа на Заводот ќе се обезбедуваат согласно со член 63 од Законот за здравствената заштита, од Фондот за здравствено осигурување, како и од други корисници на здравствени услуги.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2646/1
6 јули 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**993.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јули 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – БИТОЛА

Член 1

Заводот за здравствена заштита кој работи во состав на Медицинскиот центар – Битола и санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби на Медицинскиот центар – Кичево, на Здравствениот дом-Ресен и на Здравствениот дом-Демир Хисар се основаат како јавна здравствена организација – Завод за здравствена заштита со седиште во Битола.

Член 2

Дејноста на Заводот за здравствена заштита (во натамошниот текст: Завод) е превентивна здравствена заштита која опфаќа вршење на работите на санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствено-статистичка, социјално-медицинска и лабораториска дејност за подрачјата на општината Битола, Кичево, Ресен и Демир Хисар.

Член 3

Вршител на должноста директор на Заводот е д-р Гроздан Грозданов, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на Заводот и ќе ја организира работата до донесувањето на статутот.